D.124/2.75

2693 Централна правосулна книжница Врховног содишча СР Словеније 61000 ЉУБЉАНА ул. "Товчарјева" бр. 9


# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 19 февруари 1975
Скопје
Број 4 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128


**26.**

Врз основа на член 30 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ИНФОРМАЦИИ

1. Се именува за советник на републичкиот секретар за информации Чедомир Јакимовски, стручно-политички работник во Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-92/1
9 јануари 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

---

**27.**

Врз основа на член 33 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. Се разрешува од должност советник во Извршниот совет Анте Поповски, поради заминување на нова должност, сметано од 31 декември 1974 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-94/1
9 јануари 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

---

**28.**

Врз основа на член 29 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ФИНАНСИИ

1. Се разрешува од должност помошник на републичкиот секретар за финансии Александар Андоновски, поради заминување на нова должност, сметано од 1 декември 1974 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-93/1
9 јануари 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**29.**

Врз основа на член 7 од Законот за давање даночни олеснувања и погодности на купувачите на обврзници на Федерацијата издадени во 1974 година („Службен весник на СРМ“, бр. 30/74), републичкиот секретар за финансии донесе

### УПАТСТВО
### ЗА НАЧИНОТ НА НАМАЛУВАЊЕТО НА ДАНОКОТ НА КУПУВАЧИТЕ НА ОБВРЗНИЦИ И ПЛАЌАЊЕТО НА ДАНОК СО ОБВРЗНИЦИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

1. Намалувањето на данокот на купувачите на обврзници на Федерацијата и плаќањето на данокот со обврзници се врши според одредбите на Законот за давање даночно олеснување и погодности на купувачите на обврзници на Федерацијата издадени во 1974 година (Законот), а на начин определен со ова упатство.

**Начин на намалување на данокот**

2. На купувачите на обврзници на Федерацијата, што се обврзници на данокот на доход, ќе им се намалува данокот на доход кој стасува за плаќање од 1 јануари 1975 година на следниот начин:

а) обврзникот на данокот на доход на Службата на општественото книговодство, кај која има жиро сметка, ѝ ги поднесува купените обврзници.

Врз основа на поднесените обврзници Службата на општественото книговодство во потврдата за даночното олеснување во 1975 година, што ја издава според членот 3, став 5 од законот, го внесува и вкупниот износ на купените обврзници на Федерацијата од даночниот обврзник;

б) даночното олеснување, врз основа на поднесената потврда до Службата на општественото книговодство, обврзникот на данокот на доход може да го користи и во целосен износ, доколку олеснувањето не го надминува стасаниот данок за плаќање.

Потврдата за користење даночното олеснување, се поднесува во роковите во кои стасува за плаќање данокот на доход.

Со потврдата се поднесува и образец за пресметка на данокот на доход (обр. 47). Врз основа на образецот се врши пресметување на олеснувањето на данокот на доход на товар и во корист на жиро-сметката на даночниот обврзник.

Потврдата за даночното олеснување му служи на обврзникот како исправа за пресметување и книжење на данокот на доход.

Износот на користеното даночно олеснување Службата на општественото книговодство го евидентира на опачината од потврдата.

3. Намалувањето на републичкиот данок од личен доход од земјоделска дејност и републичкиот данок на вкупниот приход на граѓаните, како и општинските даноци за кои со одлука е пропишано намалување, а што стасуваат за плаќање од 1 јануари 1975 година, се врши според членот 3, став 1, 2 и 3 од законот.

**Начин на плаќање на данок со обврзници**

4. Плаќањето на даноците од членот 3 од Законот со обврзници на федерацијата се врши според членот 5 од Законот, одредбите на Правилникот за условите и начинот на користење на определени обврзници („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/70) и ова упатство.

5. Обврзницата на федерацијата на која нема печат дека истата е искористена за намалување на данокот, а се користи за плаќање на данок пред рокот на стасаноста за исплата, од нејзината номинална вредност ќе се одбие износот на каматата пресметан за периодот од месецот во кој е користена обврзницата до рокот кога истата стасала за амортизација.

6. Примените обврзници на федерацијата на име платен републички данок се доставуваат на Службата на општественото книговодство — Филијала 40100 — Скопје (Филијала 40100 — Скопје), која ги чува до нивното амортизирање.

Заедно со обврзниците се доставува и список на обврзниците по видови на републички даноци.

7. Исплатата на обврзниците на Федерацијата на име платен републички данок ќе се врши на товар на средствата на Републичкиот буџет.

8. Уплатениот Републички данок со обврзници на Федерацијата и тоа: републичкиот данок на вкупниот приход на граѓаните, во целосен износ, и 30% од републичкиот данок од личен доход од земјоделска дејност од обврзниците на кои земјоделската дејност не им е единствено занимање, Филијалата 40100 — Скопје, на крајот на секој месец го пренесува во паричен износ во корист на буџетите на општините на чие подрачје е остварен.

9. Филијалата 40100 — Скопје, за уплатените даноци со обврзници на федерацијата и пренесените средства според точките 7 и 8 од ова упатство води евиденција и го известува Републичкиот секретаријат за финансии тримесечно.

10. Средствата од амортизираните обврзници на федерацијата, со кои е уплатен републички данок на доход и републички данок од личен доход од земјоделска дејност од обврзниците на кои земјоделската дејност им е единствено занимање, се насочуваат во корист на уплатните приходни сметки 840 и 846.

Средствата од амортизираните обврзници, со кои е уплатен републички данок од вкупниот приход на граѓаните и републички данок од личен доход од земјоделска дејност, од обврзниците на кои земјоделската дејност не им е единствено занимање, како и каматата од сите амортизирани обврзници се насочуваат во корист на приходната сметка 840-6212 — „Други републички приходи".

11. Ова упатство влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 06-254/1
7 февруари 1975 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
**Ристо Филиповски,** с. р.

---

**30.**

Врз основа на член 86 од Законот за средното образование („Службен весник на СРМ" бр. 24/70), Републичкиот секретаријат за образование и наука донесува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕТО НА ИСПИТИ ВО УЧИЛИШТАТА ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во член 3 од Правилникот за полагање на испити во училиштата за средно образование („Службен весник на СРМ" бр. 35/72), по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„За лицата вработени во странство испити за одделно занимање можат да се полагаат и надвор од седиштето на училиштето односно во земјата каде времено се вработени.

Испитите од претходниот став можат да се полагаат по одобрување од Републичкиот секретаријат за образование и наука."

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Дел. број 07-3478/1
20 декември 1974 година
Скопје

Републички секретар за
образование и наука,
**Љупчо Копровски,** с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КОЧАНИ

**50.**

Врз основа на член 9 став 6 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 22 точка 9 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кочани, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување, на седницата на соборите на делегатите работници — корисници на услугите и на делегатите — даватели на услугите, одржана на 26 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И СТАПКИТЕ НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ЗА 1975 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствено осигурување за 1975 година се определува во височина од 7,25% од бруто личниот доход и другите примања, во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителните видови на здравствена заштита — од 2,80%,

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување — од 4,45%.

Стапките на придонесот за здравствено осигурување во случај несреќа на работа и заболување од професионални болести се определува и тоа:

— по 0,40% организациите од здружениот труд распоредени во Номенклатурата за стопанските области од 1—8 од основицата што ја сочинува вкупниот доход, намалена за износот на законските и договорните обврски,

— по 0,50% сите други организации и интересни заедници што не формираат доход, основицата за пресметување ја сочинува бруто исплатениот личен доход и други примања.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство се определува по стапка во височина од 20% од нето личниот доход, односно од основицата утврдена со посебна одлука.

Посебниот придонес од претходниот став се распоредува по видови на правата сразмерни на стапките односно тарифата на придонесот определен од член 1 на оваа одлука.

Член 3

Стапката на придонесот за здравствено осигурување на заводите за вработување за паричниот надоместок на привремено безработните лица и на уживателите на пензија се определува на 10,13% од нето примањата.

За лицата пријавени во Заводот за вработување основицата за пресметување на придонесот за здравствено осигурување ја сочинува просечниот износ на име паричен надоместок на привремено безработните лица во време за кое се плаќа придонесот за здравствено осигурување.

Ако во времето кога се плаќа придонесот за здравствено осигурување основицата не може да се определи на начин утврден во претходниот став бидејќи не се исплатува надомест на привремено безработни лица, како основица за пресметување на придонесот служи основицата по која последен пат е пресметан придонесот за здравствено осигурување.

Член 4

За лица кои работат по договор за дело ќе се плаќа придонес за здравствено осигурување за случај несреќа на работа по стапка од 0,70% од исплатениот надомест.

Член 5

Обврзникот за уплата на придонесот е должен, согласно член 105 од Законот, при уплатата на придонесите за здравственото осигурување и посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство на самиот налог — уплатница да даде спецификација за уплатените придонеси по видови на правата, со ознака на основиците и на периодот за кој се пресметува и уплатува придонесот.

Доколку обврзникот за уплата на придонесите не го пополни налогот — уплатница согласно со одредбите од став 2 на овој член, службата односно поштата нема да го прими налогот — уплатница во смисла на член 38 од Законот за Службата на општественото книговодство.

Член 6

Придонесите ги пресметуваат и ги плаќаат обврзниците на начин утврден со Законот, актите на Заедницата на здравството и здравственото осигурување на работниците — Кочани и другите општи акти на Заедницата.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, ќе се применува од 1. I. 1975 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 1628
26 декември 1974 година
Кочани

Претседател,
**Никола Соколов**, с. р.

---

**51.**

Врз основа на член 9 став 6 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 22 точка 9 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кочани, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување, на седницата на соборите на делегатите работници — корисници на услугите и на делегатите — даватели на услугите, одржана на 26 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОСТОЈАНИТЕ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИТЕ КАТЕГОРИИ ЛИЦА НАДВОР ОД РАБОТНИОТ ОДНОС ОСИГУРЕНИ ПО ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ВИДОВИ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

Член 1

Придонесите на здравственото осигурување во постојан месечен износ за 1975 година се плаќаат и тоа:

1. За учениците во стопанството односно за учениците во училиштата за квалификувани работници, за кои покрај училишната се изведува и практична настава во работната организација, училиштето или кај приватниот работодавец — во износ од 10,00 динари за несреќа на работа и заболување од професионални болести.

2. За лица кои учествуваат во организирани јавни работни акции, а кои на тие работи работат најмалку 6 часа дневно — во износ од 61,00 динари од кои:

— износот од 21,80 динари — на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита;

— износот од 35,10 динари — на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување;

— за несреќа на работа — 4,10 динари.

3. За уживатели на постојана државна помош дадена од страна на бившите президиуми на народните собранија или од страна на Извршниот совет — во износ од 61,00 динари од кои:

— износот од 23,70 динари — на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита;

— износот од 37,30 динари — на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување.

4. За членовите на семејствата на југословенските државјани во странство, кои не се здравствено осигурени по прописите на земјата во која работат или според меѓународната спогодба, а пред стапувањето во работен однос во странство имале живеалиште на територијата на оваа заедница — во износ по член од 36,30 динари од кои:

— износот од 22,40 динари — на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита;

— износот од 13,90 динари — на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување.

5. За лица кои учествуваат на младински работни акции кои по прописите за инвалидско осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност — во износ од 61,00 динари од кои:

— износот од 21,80 динари — на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита;

— износот од 35,10 динари — на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување;

— износот од 4,10 динари — на име придонес за здравствено осигурување за случај несреќа на работа и професионални заболувања.

6. За лица кои се наоѓаат на предвојничка обука, логорување — во износ од 10,00 динари на име придонес за здравствено осигурување за случај несреќа на работа и заболување од професионални болести.

7. За лица — припадници на територијалните единици, припадници на цивилната заштита за време на извршување на задачите на територијал-

ната одбрана — во износ од 10,00 динари на име придонес за здравствено осигурување во случај несреќа на работа и заболување од професионално заболување.

8. За учениците во средните училишта и студентите во вишите и високите школи, факултетите, уметничките академии, за времето на практичната работа во врска со наставата — во износ од 10,00 динари, и тоа само на име придонес за здравствено осигурување за случај несреќа на работа и заболување од професионални болести.

9. За лица кои се наоѓаат на стручно оспособување или преквалификација што ги организира заводот за вработување — во износ од 10,00 динари и тоа само на име придонес за здравствено осигурување за случај несреќа на работа и заболување од професионални болести.

10. Лица кои работат помалку од половината од полното работно време — во износ од 10,00 динари и тоа само на име придонес за здравствено осигурување во случај несреќа на работа и заболување од професионални болести.

11. За лицата — припадници на доброволните организации на противпожарната заштита — во износ од 10,00 динари и тоа на име придонес за здравствено осигурување во случај несреќа на работа и заболување од професионални болести.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, ќе се применува од 1. I. 1975 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 1629
26 декември 1974 година
Кочани

Претседател,
**Никола Соколов,** с. р.

ОСНОВНА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КРУШЕВО

**52.**

Врз основа на член 9 и 18 став 2 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), член 23 став 1 алинеја 4 и член 40 став 1 алинеја 11 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската и основни заедници на здравството и здравственото осигурување — Прилеп, Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување — Крушево, на заедничката седница на сите собори на делегатите, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВРШЕЊЕТО НА СТРУЧНИТЕ, ФИНАНСИСКИТЕ И АДМИНИСТРАТИВНИТЕ РАБОТИ НА ОСНОВНАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КРУШЕВО

Член 1

Вршењето на стручните, финансиските и административните работи на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување — Крушево (во натамошниот текст: Заедница) се обезбедува преку Стручната служба на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Прилеп (во натамошниот текст: Стручна служба).

Стручната служба од претходниот став ќе продолжи и понатаму да ги врши работите и за другите самоуправни интересни заедници, фондови, органи и организации со кои поранешната заедница на здравственото осигурување на работниците — Прилеп, има постигнато спогодби — договори за вршењето на определени работи од областа на здравственото осигурување, пензиско-инвалидското осигурување, додатокот на деца, матичната евиденција и сл.

Член 2

Се овластува секретарот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Прилеп, како раководител на заедничката Стручна служба, да ја врши и функцијата секретар на оваа основна заедница со сите права и обврски што произлегуваат од вршењето на таа функција.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1975 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ“.

Број 7224
27 декември 1974 година
Прилеп

Претседател,
**Васил Мандилоски,** с. р.

ОСНОВНА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — МАКЕДОНСКИ БРОД

**53.**

Врз основа на член 9 и 18 став 2 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), член 23 став 1 алинеја 4 и член 40 став 1 алинеја 11 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската и основни заедници на здравството и здравственото осигурување — Прилеп, Собранието на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување — Македонски Брод, на заедничката седница на сите собори на делегатите, одржана на 25. 12. 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВРШЕЊЕТО НА СТРУЧНИТЕ, ФИНАНСИСКИТЕ И АДМИНИСТРАТИВНИТЕ РАБОТИ НА ОСНОВНАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — МАКЕДОНСКИ БРОД

Член 1

Вршењето на стручните, финансиските и административните работи на Основната заедница на здравството и здравственото осигурување — Македонски Брод (во натамошниот текст: Заедница) се обезбедува преку Стручната служба на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Прилеп (во натамошниот текст: Стручна служба).

Стручната служба од претходниот став ќе продолжи и понатаму да ги врши работите и за другите самоуправни интересни заедници, фондови, органи и организации со кои поранешната заедница на здравственото осигурување на работниците — Прилеп има постигнато спогодби — договори за вршењето на определени работи од областа на здравственото осигурување, пензиско-инвалидското осигурување, додатокот на деца, матичната евиденција и сл.

Член 2

Се овластува секретарот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Прилеп, како раководител на заедничката Стручна служба, да ја врши и функцијата секретар на оваа основна заедница со сите права и обврски што произлегуваат од вршењето на таа функција.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1975 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ“.

Број 7169
25 декември 1974 година
Прилеп

Претседател,
**Томо Стојкоски,** с. р.

# Огласен дел

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителот Зекировски Сабри од село Булачани, сега на работа во Западна Германија, застапуван од полн. адвокат Ѓорѓи Шатев од Скопје, против тужената Ѓула Зекировска, родена Селим од село Булачани, а сега со непознато место на живеење.

Се повикува тужената Зекировска Ѓула да се јави во судот или да ја достави својата адреса во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас. Во спротивно ќе ѝ се определи старател кој ќе ја застапува сè до окончувањето на овој спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 2317/74 година (25)

---

Пред Окружниот суд во Скопје се води граѓанска постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Јевица Сукачева, родена Лазаревска, од населба Ѓорче Петров II, ул. „Љубин" бр. 13-б, против тужениот Петар Сукачев од Скопје кој живеел на истата адреса како и тужителката, а сега во неизвесност, вредност 2.000,00 динари.

Се повикува тужениот Петар Сукачев од Скопје, сега во неизвесност, во рок од 30 дена да ја достави својата адреса лично или писмено или пак да определи свој полномошник кој ќе го застапува во оваа постапка. Во спротивно ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги штити неговите интереси.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1800/74 од 3. II. 1975 година. (17)

---

Пред Окружниот суд во Скопје се води постапка за развод на брак, по правната работа на тужителката Алије Демири од село Србица, Кичево, против тужениот Назим Демири од село Србица, Кичево, сега на работа во СР Германија со непозната адреса, под П. бр. 495/74.

Се задолжува тужениот Назми Демири во рок од 30 дена да се јави во судот лично, или да ја достави својата сегашна адреса. Доколку во оставениот рок не ја достави сегашната точна адреса, ќе му биде поставен привремен старател, согласно член 77 од ЗПП, кој ќе ги застапува интересите на тужениот во предметниот спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 495 од 3. X. 1974 година. (20)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

При овој суд е заведен спор за развод на брак по тужбата на Миле Илиевски од село Црноец, против Наца Илиевска од село Ново Село, сега во Австралија со непозната адреса. Поради тоа на тужената ѝ е поставен привремен застапник, адвокат Илија Кочовски од Битола, согласно член 77 став 2 точка 4 од ЗПП, кој ќе ја застапува со сите права и должности на законски застапник сè додека тужената или нејзин полномошник не се јават пред судот, односно додека Органот за старателство не определи старател.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 634/74 година. (24)

### ОКРУЖЕН СУД ВО ШТИП

Стојменов Божин Стоил од село Сушица, Струмичко, поднесе до овој суд тужба за развод на брак против Стојменова, по татко Гогова, Лика од село Босилово, сега во неизвесност.

Бидејќи адресата и местожителството на тужената не се познати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави или да определи свој застапник. Во спротивно судот, по службена должност, го определува за застапник Илиев Боге, приправник во Окружниот суд во Штип и делото ќе се разгледа во нејзино отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 478/74. (15)

---

Радомир Димитриевиќ од Радовиш поднесе тужба до овој суд за развод на брак против тужената Кристина Димитриевиќ од Радовиш, сега со непозната адреса.

Бидејќи адресата и местожителството на тужената не се познати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави или да определи свој застапник. Во спротивно судот, по службена должност, го определува за застапник Илиев Боге, приправник во Окружниот суд во Штип и делото ќе се решава во нејзино отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 244/74. (16)

---

Марика Ашикова од Струмица, ул. „Кр. Република" бр. 34 поднесе до овој суд тужба за развод на брак против тужениот Ашиков Ванчо од Струмица, сега со непозната адреса.

Бидејќи адресата и местожителството на тужениот не се познати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави или да определи свој застапник. Во спротивно судот, по службена должност, го определува за застапник Илиев Боге, приправник при Окружниот суд во Штип и делото ќе се решава во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 430/74. (18)

---

Јордан Димитров од село Оризари, Кочани, поднесе до овој суд тужба за развод на брак против тужената Олга Димитриева, со непозната адреса.

Бидејќи адресата и местожителството на тужената не се познати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави или да определи свој застапник. Во спротивно, судот, по службена должност, го определува за застапник Илиев Боге, приправник при Окружниот суд во Штип, и делото ќе се решава во нејзино отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 230/74. (19)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд води спор за сопственост Стојановска Цвета од Тетово, против Будимовска Паца и Димитриевски Александар од Тетово, сега со непозната адреса во Египет.

Се повикуваат тужените да се јават во рок од 30 дена од објавувањето на огласот или пак да достават своја адреса. Во спротивно, по истекот на овој рок, ќе им биде поставен старател кој ќе ги штити нивните интереси по овој спор.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1199 од 13. XII. 1974 година. (21)

---

Пред овој суд води спор за сопственост тужителот Павловски Душан од Тетово, ул. „136" бр. 17, против Мирјана Павловска од Тетово, сега со непозната адреса, вредност 2.000 динари.

Се повикува тужената во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави на судот или да достави точна адреса. Во спротивно ќе ѝ биде поставен старател кој ќе се грижи за нејзините права по овој спор.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 993/74 од 6. I. 1975 година. (22)

Пред овој суд води спор за законска издршка Божиновска Вела од село Јанчиште, против Божиновски Јошев Бранко и др. од село Јанчиште.

Бидејќи тужениот Бранко се наоѓа на работа во Западна Германија со непозната адреса, истиот се повикува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас да достави точна адреса или да се јави на судот, или постави свој полномошник. Ако не се јави во овој рок на истиот ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги штити неговите права по спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 13/74 од 11. I. 1975 година. (23)

## РЕГИСТАР НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр.96, страна 625, книга II е запишана под фирма „Кораб“ — трговско претпријатие за промет со мешани стоки — Гостивар — Деловна единица — Продавница — за мешани стоки „Рудина“ во село Чегране, Гостиварско, без својство на правно лице. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мешани стоки.

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на „Кораб“ — трговско претпријатие — Гостивар, број 0101/73-14 од 25. XII. 1972 година, од одржаната седница на 15. XII. 1972 година.

Раководител на продавницата е Усеини Ади.

Деловната единица продавница „Рудина“ во село Чегране ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 921 од 31. X. 1973 г. (1401)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 562, страна 187, книга VIII е запишана под фирма: Работна организација „Жито Македонија“ — прехранбен комбинат — Скопје — Филијала во Кичево — Деловна единица — Продавница број 7 во село Зајас, Кичево, без својство на правно лице. Предмет на работењето на продавницата е продажба на леб и бели печива.

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на работната организација „Жито Македонија“ — прехранбен комбинат — Скопје — Филијала во Кичево бр. 02-1450 од 5. IX. 1973 година, од одржаната седница на 27. VII. 1973 година.

Раководител на продавницата е Мехмеди Фатмира.

Деловната единица — продавница број 7 во село Зајас, Кичево, без својство на правно лице, ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, матичното претпријатие.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 944 од 5. XI. 1973 г. (1402)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 205, страна 272, книга VIII е запишана под фирма: „Инпрес“ — трговско претпријатие за промет со индустриски и прехранбени стоки — Скопје — Деловна единица — бифе број 46 во Скопје, улица „Автокоманда“, без својство на правно лице.Предмет на работењето на бифето е приготвување на разни видови скара, продажба на безалкохолни пијалоци од сопствено производство и продажба и точење на алкохолни пијалоци од други претпријатија.

Бифето е основано со присоединување на Производното претпријатие „Биљана“ — Скопје кон „Инпрес“ — трговско претпријатие за промет со индустриски и прехранбени стоки — Скопје, со решението Фи. бр. 235 од 20. III. 1973 година.

Раководител на бифето е Јусуф Муше.

Деловната единица Бифе број 46, без својство на правно лице, ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 926 од 31. X. 1973 година. (1403)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег.бр. 1621, страна 132, книга VIII е запишана под фирма: „Словенија промет“ експорт — импорт — Љубљана ООЗТ — Филијала — Скопје, Деловна единица — складиште во село Јурумлери, Скопско, без својство на правно лице. Предмет на работењето на деловната единица е промет со текстил, текстилни суровини, бои и лакови, метална стока, стакло, автоделови, авто-гуми и порцелан.

Деловната единица е основана со одлуката на работничкиот совет на „Словенија промет“ експорт — импорт — Љубљана — ООЗТ Филијала Скопје број 266/4 од 19.I.1973 година.

Раководител на деловната едница е Христовски Бранко.

Деловната единица — Складиште во село Јурумлери, Скопско, без својство на правно лице, ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 389 од 31. X. 1973 г. (1404)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. број 985, страна 491, книга VII е запишано следното: Фирмата на „Бистрапродукт“ — експорт — импорт — Скопје, Земјоделско-индустриски комбинат за производство на сите земјоделски производи, месни производи, јагниња, волна, производство на текстил и трикотажа, домашни ракотворби, килими, теписи, везови и друго, производство на уметничка резбарија и сувенири, трговија, угостителство и туризам, согласно со одлуката на работничкиот совет број 03-1793/1 од 11. V. 1973 во иднина се менува и ќе гласи: Производно-прометна работна организација „Бистрапродукт“ извоз— увоз — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1091 од 5. XI. 1973 година. (1408)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег.бр. 964, страна 174, книга VIII е запишана под фирма: „Македонија спорт“ — производно трговско претпријатие — Скопје — Деловна единица — Продавница број 12, без својство на правно лице во Скопје, улица „Казанџиска“ бб. Предмет на работењето на продавницата е продажба на машка и женска трикотажа (лесна конфекција).

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на „Македонија спорт“ производно трговско претпријатие — Скопје, број 2757/1 од 12.V.1973 година.

Раководител на продавницата е Перински Перо.

Деловната единица — продавница број 12, без својство на правно лице во Скопје, улица „Казанџиска“ бб, ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1075 од 9. XI. 1973 г. (1424)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 19, страна 223, книга VIII е запишана под фирма: „Интеримпекс“ — претпријатие за

меѓународна трговија и застапување на странски фирми, внатрешна трговија и туризам — Скопје — Самостојна хотелско-угостителска организација на здружен труд со својство на правно лице „Метропол“ — Скопје — Деловна единица — Работилница за производство на производи од месо за угостителски услуги, без својство на правно лице во Скопје, улица „Ново скопско сајмиште“. Предмет на работењето на работилницата е производство на производи од месо за угостителството.

Работилницата е основана со одлуката на работничкиот совет на „Интеримпекс“ — Скопје — самостојна хотелско-угостителска организација на здружен труд со својство на правно лице „Метропол“ — Скопје, број 02-578 од 16. VIII. 1973 година, од одржаната седница на 23. IV. 1973 год.

Раководител на работилницата е Топалец Рамадан.

Работилницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Самостојната хотелско-угостителска организација на здружен труд, со својство на правно лице „Метропол“ — Скопје, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 923 од 9. XI. 1973 г. (1425)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 469, страна 581, книга III е запишана под фирма: „Тиквеш“ — Агрокомбинат — Кавадарци — Деловна единица — Продавница број 2 во Скопје, улица „Пазар Тафталиџе“, без својство на правно лице. Предмет на работењето на продавницата е промет со флаширани алкохолни и безалкохолни пијалоци.

Продавницата е основана со одлука на управниот одбор на Агрокомбинатот „Тиквеш“ — Кавадарци, број 0202/46 од 31. V. 1973 година, од одржаната седница на 26. V. 1972 година.

Раководител на продавницата е Копачев Александар.

Деловната единица — продавница број 2 во Скопје, улица „Пазар Тафталиџе“, без својство на правно лице, ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 915 и 917/1973 год. (1427)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 26 ,страна 49, книга II е запишана под фирма: Земјоделски комбинат „Изворски“, село Богданци — Деловна единица — продавница во Скопје, улица пазар „Автокоманда“, без својство на правно лице. Предмет на работењето на продавницата е промет на мало со земјоделски и градинарски култури.

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на Земојделскиот комбинат „Изворски“ село Богданци, број 3259/1 од 21. V. 1973 година.

Раководител на продавницата е Шутарова Елица.

Деловната единица — продавница во Скопје ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 671 од 8. XI. 1973 год. (1428)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 26, страна 47, книга II е запишана под фирма: Земјоделски комбинат „Изворски“ — село Богданци — Деловна единица — продавница без својство на правно лице во Скопје, пазар „Аеродром“. Предмет на работењето на продавницата е промет на мало со градинарски производи.

Продавницата е основана со одлука на работничкиот совет на Земјоделскиот комбинат „Изворски“ — село Богданци, број 3259/1 од 21. V. 1973 година.

Раководител на продавницата е Станковиќ Мара.

Деловната единица — продавница без својство на правно лице во Скопје ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Комбинатот, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 673 од 8. XI. 1973 г. (1429)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. број 26, страна 49, книга II е запишана под фирма: Земјоделски комбинат „Изворски“ од село Богданци — Гевгелија, Деловна единица — Стовариште во Сарај, без својство на правно лице. Предмет на работењето на стовариштето е продажба на земјоделски производи.

Стовариштето е основано со одлуката на работничкиот совет на Земјоделскиот комбинат „Изворски“ село Богданци, Гевгелија, број 3260/1 од 21. V. 1973 година.

Раководител на стовариштето е Крсте Жочков.

Деловната единица — стовариште во село Сарај ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Комбинатот, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 674 од 8. XI. 1973 г. ((1430)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. број 55, страна 288, книга VIII се врши пренотација на одлуката за организирање на Основната организација на здружен труд „Фото“ — Скопје, улица „Ѓуро Ѓаковиќ“ број 64 при „Фотоцентар“ — претпријатие за фотооптички услуги и трговија — Скопје со следните податоци под фирма: Основна организација на здружен труд „Фото“ — Скопје, улица „Ѓуро Ѓаковиќ“ број 64. Предмет на работењето на ООЗТ е промет на мало и големо со фото-апарати, материјал и прибор, филмови и хартија за црно-бела и колор техника, хемикалии, геодезија, оптички и мерни инструменти, материјали и помагала, електро-акустички производи, автовизуелни делови, учила, нагледни средства, помагала и кабинети за школи, детски градинки, канцелариска и угостителска опрема и прибор, книжарски материјали и прибор, самолеплива и полипрепиленска трака, амбалажа, машини за приготвување на храна и разни производи од брашно, како и цвеќиња и аранжирање на цвеќиња, потрошни репроматеријали за индустријата и занаетчиството.

ООЗТ ќе ја потпишува Иванов Кирил, директор.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1051 од 9. XI. 1973 г. (1439)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 595, страна 671, книга III е запишана под фирма: Спортско друштво „Вардарски“, — село Богданци, Гевгелија — Посебна угостителска единица, без својство на правно лице во Богданци, улица „Маршал Тито“. Предмет на работењето на посебната угостителска единица е вршење услуги од угостителската дејност — бифеџиска.

Посебната угостителска единица е основана со одлуката на управниот одбор на Спортското друштво „Вардарски“, село Богданци, од одржаната седница на 23. II. 1973 година.

Раководител на посебната угостителска единица е Љушев Петар.

Посебната угостителска единица , без својство на правно лице во село Богданци ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Љушев Петар, раководител и Чакалов Митко член.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 691 од 26. XI. 1973 г. (1453)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 590, страна 569, книга III е запишана под фирма: „Бел камен" — трговско претпријатие на големо и мало- Кавадарци — Деловна единица — продавница број 4 — народна кујна, без својство на правно лице во Кавадарци, на Зелено Пазарче. Предмет на работењето на продавницата — народна кујна е правење на топол оброк и скара.

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на „Бел камен" — трговско претпријатие на големо и мало — Кавадарци, број 02-1246 од 4. IX. 1973 година, од одржаната седница на 3. VIII. 1973 година.

Раководител на продавницата е Мито Ристов.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 932 од 20. XI. 1973 г. (1455)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1590, страна 435, книга VII е запишана под фирма: „Личанка" — трговско претпријатие на големо и мало — Скопје — Деловна единица — Продавница број 11 во Кавадарци, улица „Браќа Хаџи Тефови" број 38, без својство на правно лице. Предмет на работењето на продавницата е продажба на трикотажна и текстилна стока.

Продавницата е основана со одлуката на работната заедница на „Личанка" — трговско претпријатие — Скопје, број 2040/26. IX. 1973 година, од одржаната седница на 7. III. 1973 година.

Раководител на продавницата е Мара Попова.

Деловната единица — продавница број 11 во Кавадарци, без својство на правно лице ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1110 од 21. XI. 1973 г. (1456)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30. V. 1973 година, рег. број 400, реден број 7 е запишана под фирма: Трговско претпријатие на големо „Илинден" — Виница, Продавница за продажба на прехранбени артикли — Кочани. Предмет на работењето на продавницата е продажба на прехранбени артикли.

Раководител на продавницата е Атанаска Иванова.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа на одлуката на работничкиот совет на претпријатието, број 01-349/36 од 28. V. 1973 год.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 142/73. (1553)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. број 596, страна 675, книга III е запишано следното: Претпријатието „Центротекстил" — импорт-експорт — Белград, улица „Кнез Михајлова" 1—2, Деловна единица, — Продавница за чевли во Гевгелија, улица „Маршал Тито" број 130, без својство на правно лице. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на производи од трговска струка: чевли.

Продавницата е основана со присоединување на Претпријатието за внатрешна трговија „Рефлекс" — Белград кон Претпријатието „Центротекстил" импорт-експорт — Белград со одлуката на работничкиот совет од 5. VII. 1973 година и решението на Окружниот стопански суд во Белград, Фи. бр. 1508 од 4. VI. 1973 година.

Раководител на продавницата е Петар Мишев.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Се брише од регистарот на организациите на здружен труд од рег. број 445, страна 645, книга II Продавницата во Гевгелија, улица „Маршал Тито" број 130, на Претпријатието за внатрешна контрола „Рефлекс" — Белград, бидејќи се присоединува кон „Центротекстил" импорт-експорт — Белград.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 804 од 17. XII. 1973 година. (1558)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. број 1645, страна 312, книга VIII е запишана под фирма: „Борово" — југословенски комбинат за гуми и чевли — Борово — Деловна единица — Продавница, без својство на правно лице во Скопје, населба Драчево, „Пазар во населбата Драчево". Предмет на работењето на продавницата е продажба на чевли.

Продавницата е основана со заклучокот на Советот на секторот за продажба на „Борово" — југословенски комбинат за гуми и чевли — Борово, од одржаната седница на 26. IV. 1973 година.

Деловната единица — продавница, без својство на правно лице во Скопје, населба Драчево, ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Ботев Димо, раководител, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 922 од 13. XII. 1973 година. (1565)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1647, страна 316, книга VIII е запишан актот за основање под следниот назив: Трговско претпријатие на големо и мало „Ловец" — Скопје, ул. „250" број 20. Предмет на работењето на претпријатието е промет со стока на големо и мало и тоа: оружје, прибор за оружје, ловечки прибор и муниција, железарија и метална стока, рибарски материјал и прибор, велосипеди, велосипеди со мотори со резервни делови, водоинсталатерски материјал и штрафовска стока, фотоапарати и прибор за фотоматеријали, гуми за велосипеди, авто-гуми и гуми за мотори и мотоцикли, сите видови детски играчки со и без механизам, производи од гума, каучук, пластична маса, батериски лампи и батерии за батериски лампи, спортски прибор и камп опрема, мотори за наводнување и црпки за наводнување со резервни делови, патнички автомобили и сите резервни делови за автомобили.

Претпријатието е основано со издвојување од „Ловец" — трговско претпријатие на големо и мало — Ниш, со одлуката на работничкиот совет број 531 од 6. XI. 1973 година од одржаната седница на 5. XI. 1973 година.

Претпријатието ќе го потпишува Владов Ј. Живоин, в.д. директор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1473 од 18. XII. 1973 година. (1566)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1646, страна 314, книга VIII е запишана под фирма: Претпријатие „Центротекстил" — импорт-експорт — Белград, ул. „Кнез Михајлова" 1—2, Деловна единица — Продавница број 3 во Скопје, улица „Маршал Тито" број 38, без својство на правно лице. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на производи од трговската струка: текстил, кратка и плетена стока и конфекција, како и производи од трговската струка: чевли.

Продавницата е основана со присоединување на Претпријатието за внатрешна трговија „Рефлекс" — Белград кон Претпријатието „Центротекстил" импорт-експорт — Белград со одлуката на работничкиот совет од 5 јули 1973 година и решението на Окружниот стопански суд во Белград Фи. бр. 1508 од 4. VI. 1973 година.

Раководител на продавницата е Нако Кајдамов.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Се брише од регистарот на организациите на здружен труд од рег. број 1006, страна 983, книга IV Продавницата во Скопје, улица „Маршал Тито“ бр. 38, на Претпријатието „Рефлекс“ — Белград, бидејќи се присоединува кон „Центротекстил“ — импорт-експорт — Белград.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 799 од 17. XII. 1973 година. (1567)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 343, страна 469, книга II е запишана под фирма: Претпријатие „Центротекстил“ импорт-експорт — Белград, улица „Кнез Михајлова“ бр. 1—2 — Деловна единица — продавница за чевли во Куманово, улица „Ленинова“ број 25, без својство на правно лице. Предмет на работењето на продавницата е продажба, на мало, на производи од трговската струка: чевли.

Продавницата е основана со спојување на Претпријатието за внатрешна трговија „Рефлекс“ — Белград кон Претпријатието „Центротекстил“ — импорт-експорт — Белград, со одлуката на работничкиот совет од 5. VII. 1973 година и решението на Окружниот стопански суд во Белград, Фи. бр. 1508 од 4. VI. 1973 година.

Раководител на продавницата е Филиповски Светислав.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Се брише од регистарот на организациите на здружен труд, од рег. бр. 333, страна 369, книга II Продавницата во Куманово, улица „Ленинова“ број 25, на Претпријатието за внатрешна трговија „Рефлекс“ — Белград, бидејќи се присоединува кон „Центротекстил“ — импорт-експорт — Белград.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 801 од 24. XII. 1973 година. (1594)

Окружниот стопански суд во Скопје, објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 342, страна 467, книга II е запишана под фирма: Претпријатие „Центротекстил“ — импорт-експорт — Белград, ул. „Кнез Михајлова“ 1—2 ,Деловна единица — продавница за чевли во Куманово, „Трг Нова Југославија“ бб., без својство на правно лице.

Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на производи од трговската струка — чевли, како и продажба на галантериска стока (кожно-текстилна, кожно-книжна и пластична галантерија).

Продавницата е основана со спојување на Претпријатието за внатрешна трговија „Рефлекс“ — Белград кон Претпријатието „Центротекстил“ — импорт-експорт — Белград со одлуката на работничкиот совет од 5. VII. 1973 година и решението на Окружниот стопански суд во Белград, Фи. бр. 1503 од 4. VI. 1973 година.

Раководител на продавницата е Јовановски Драгиша.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

